Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-985/16
06.07.2021 год.
Скопје

# Записник од 30-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 17.06.2021 година | **Време** | 17.00 – 18:00 часот |
| **Бр. на седница** | 30-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Елена Манчева (МИОА), Ана Малцева (Канцеларија на претседателот на Владата) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, Ангел Симов и Букурије Јашари Мемети (МИОА), Владимир Радосављевиќ (МИОА) | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / E pranuar: 06-07-21
Орг. ед. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera
14 - 985 / 16

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 12.5.2021 година.

2. Дискусија за Информацијата до Влада за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини (согласно Програма за работа на Влада за 2021 година).

3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 30-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 29-та седница одржана на 12.05.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамки на втората точка, а во врска со Информацијата до Владата за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини (согласно Програма за работа на Влада за 2021 година), Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов отвори дискусија и сподели повеќе информации. Тој информираше за средбата со Министерот и заменик Министерот на МИОА на која било истакнато дека согласно Програмата на Влада за 2021 година, фокус во обезбедувањето бесплатен државен WiFi треба да биде ставен на развој на туризмот и поттикнување на користење на бродбендот од страна на граѓаните во белите зони.

Исто така, Буковалов информираше за одржаниот состанок со Директорот на ЈП МРД и за неговата подршка во однос на имплементацијата на овој проект.

Членовите на НКБК Атанас Мишев и Славица Настеска ја истакнаа неопходноста од континуирана координација помеѓу МИОА, НКБК и ЈП МРД околу имплементацијата на овој сложен и обемен проект (на територијата на цела држава), и дека при подготовката на Информацијата потребно е да се земат предвид усвоените Препораки на НКБК за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини.

Буковалов ја отвори дебатата околу прашањето кои WiFi точки ќе треба задолжително оптички да бидат поврзани на НТОМ мрежата (согласно НОБП), а кои ќе треба да бидат поврзани од страна на комерцијалните оператори (кои ќе го нудат бесплатниот пристап

до интернет за граѓаните). Во таа насока, Зоран Дервишов ја истакна потребата од поголема флексибилност во поврзувањето на WiFi точките, и тоа дека Студијата за изводливост за изградба на НТОМ (со анализа на трошоци) ќе треба да даде одговор кои WiFi точки од страна на ЈП МРД ќе треба бидат поврзани на НТОМ. Еден од критериумите треба да биде дали постојат слободни државни оптички влакна/кабелска канализација до локациите на WiFi точките.

Исто така, Дервишов истакна дека имајќи ја предвид Програмата на Влада за 2021 година како и усвоените Препораки на НКБК за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини, потребно е да се направи ревизија на предложените WiFi точки доставени од страна на локалните самоуправи во 2019 година.

**Заклучок**

Да се подготви предлог текст на Информацијата за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини со соодветни предлог заклучоци и да се достави до членовите на НКБК за коментари и предлози.

**За третата точка од дневниот ред,**

Буковалов информираше дека Информацијатата за ВБИФ е усвоена од страна на Владата и дека Министерството за финансии во соработка со МИОА, АЕК, ЈП МРД и НКБК има обврска да ја извести Светска Банка, во насока на продолжување на реализацијата на добиената техничка помош од страна на ВБИФ, односно да започне подготовката на Студијата за изводливост на НТОМ.

Во насока на имплементација на НОБП, тој ја повтори неопходноста од континуирана соработка и координација со АЕК, ЗЕЛС, Град Скопје, ЦУК и воедно информираше за одржаниот состанок со директорот на ЦУК, за нивната истакната поддршка за работата на НКБК и нивното вклучување во реализацијата на НТОМ.

**Задачи**

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ______________________